2027-2031

ВРЕМЕ ЗА ФУДБАЛ

СТРАТЕГИЈА НА ФФМ





“Оваа Стратегија е резултат на заеднички напор и ја одразува споделената амбиција на целата фудбалска заедница за унапредување на фудбалот, развој на идните генерации и создавање трајна вредност за заедниците низ целата држава.”

БЛАГОДАРНОСТ

Фудбалската федерација на Македонија изразува искрена благодарност до сите поединци, организации и партнери чии поддршка, експертиза, посветеност и партнерство придонесоа за изработката на оваа Стратегија.

Посебна благодарност упатуваме до: УЕФА ГРОУ и нивните ментори за стратегија, ФИФА, вработените во ФФМ, професионалните клубови, грасрут-клубовите, регионалните фудбалски сојузи, фудбалерите, тренерите, судиите, навивачите, корпоративните партнери, Министерството за спорт и претставниците на медиумите.

Оваа Стратегија е резултат на заеднички напор и ја одразува споделената амбиција на целата фудбалска заедница за унапредување на фудбалот, развој на идните генерации и создавање трајна вредност за заедниците низ целата држава.

“ВРЕМЕ Е ФОКУСОТ ПОВТОРНО ДА БИДЕ ТАМУ КАДЕ ШТО ПРИПАЃА – НА ФУДБАЛОТ.”

Фудбалот е еден од најсилните јазли што го поврзуваат нашето општество. Во него се среќаваат детскиот сон, клупската припадност, емоцијата на навивачите и гордоста што ја чувствуваме кога ги гледаме македонските бои на најголемата сцена. Затоа, развојот на фудбалот не е само прашање на резултати на теренот. Тој е долгорочна инвестиција во луѓето, во општеството и во иднината на нашата земја.

Со гордост ја претставуваме нашата прогресивна Стратегија за периодот 2027 - 2031 година како ново поглавје во историјата на македонскиот фудбал.
Време е фокусот повторно да биде таму каде што припаѓа - на фудбалот.

По период во кој беа поставувани важни основи во организациската, инфраструктурната и други важни области, време е тие основи да ги претвориме во конкретен фудбалски развој. Време е да играат повеќе деца, да се развиваат повеќе таленти, клубовите да напредуваат, лигите да станат поконкурентни и македонскиот фудбал да го искористи својот потенцијал.
Време е за фудбал.
Да создадеме систем во кој талентот ќе биде навреме препознаен, правилно развиван и поддржан во секоја фаза. Нашата цел е секоја нова генерација да биде подобра од претходната. За тоа се потребни силни клубови и академии, квалитетни тренери, поконкурентни лиги и услови во кои младите таленти ќе можат да играат, да стекнуваат искуство и да го достигнат својот потенцијал.

За развојот да биде одржлив, потребни се и соодветни услови. Затоа инфраструктурата, со стратешки инвестиции насочени каде што се најпотребни и каде што ќе имаат најголем ефект, ќе биде еден од нашите приоритети.

Но успехот бара заедничка работа. Посилната соработка со Владата, општините, клубовите и сите чинители во фудбалот е клучна за да создадеме подобри услови и посилна фудбалска средина.

“Кога работиме заедно, можеме да постигнеме повеќе.”

Затоа оваа Стратегија не ја гледаме само како план на Фудбалската федерација на Македонија. Ја гледаме како заедничка насока за македонскиот фудбал.

“Нашите три вредности: интегритет, соработка и гордост, се темелот врз кој сакаме да го градиме тој пат”

Со интегритет ќе ја заслужиме довербата, со соработка ќе ги обединиме сите што можат да придонесат и со гордост ќе создадеме фудбал во кој следните генерации ќе веруваат. Пред нас се четири години исполнети со работа, инвестиции и промени. Не ветуваме дека патот ќе биде лесен, но веруваме дека имаме потенцијал, луѓе и јасна насока да направиме вистински исчекор.

“Да создадеме повеќе можности. Да развиваме повеќе таленти. Да градиме подобри услови. Да создаваме посилен фудбал.”

Гледајќи кон иднината, тоа ќе го направиме со оптимизам, јасна цел и длабоко чувство на одговорност.
И најважно, ќе го направиме тоа **заедно.**
Време е за фудбал.



МАСАР ОМЕРАГИЌ
Претседател на ФФМ

“СИСТЕМОТ Е СРЕДСТВО. ФУДБАЛОТ Е ЦЕЛТА.”

Во име на Фудбалската федерација на Македонија, сакам да им се заблагодарам на сите кои со своето знаење, искуство, идеи и посветеност придонесоа во изработката на Стратегијата на ФФМ за периодот 2027 - 2031 година.
Оваа Стратегија е резултат на повеќемесечен процес во кој разговаравме, слушавме и разменувавме идеи со нашето фудбалско семејство. Во нејзиното создавање се потпревме на искуството и знаењето на луѓето од македонскиот фудбал, но и на експертизата и најдобрите практики од меѓународниот фудбал, пред сè од УЕФА и ФИФА.

Преку консултации, работилници и истражувања го дефинираме правецот во кој сакаме да се движи македонскиот фудбал. Ги поставивме мисијата, визијата и стратешките столбови, кои треба да ни помогнат не само да одговориме на предизвиците што ги имаме денес, туку и да го подготвиме фудбалот за она што доаѓа.

Веруваме во амбициозна визија. Веруваме во фудбал, кој припаѓа на сите - без разлика на возраста, полот, нивото на знаење или улогата што ја имаат во играта. Фудбалот не е само натпревар и резултат. Тој создава заедништво, гради карактер, поттикнува здрави навики, поврзува луѓе и има важна општествена улога.
Но визијата има вредност само ако е претворена во конкретна работа.
Во изминатите години значително внимание посветивме на работи неопходни за функционирањето и уредувањето на системот - регулативата, правните прашања, судискиот систем, организациските процеси, усогласувањето со стандардите и многу други области. Тоа беше потребно и ќе продолжи да биде важно.

Но мора да знаеме зошто го градиме и унапредуваме тој систем. **Системот е средство. Фудбалот е целта.**
Затоа Стратегијата 2027 – 2031 е и порака за нов фокус. Фокус кон фудбалот. Кон фудбалерите и тренерите. Кон клубовите. Кон младите категории. Кон репрезентациите. Кон квалитетот на натпреварувањето. Кон развојот на инфраструктурата, знаењето и луѓето кои го создаваат фудбалот секој ден.

Правилата мора да функционираат. Системот мора да биде уреден. Федерацијата мора да биде модерна, професионална и одговорна.

“Но сето тоа мора да биде во служба на една суштинска цел - подобар фудбал и подобри резултати.”

Токму затоа оваа Стратегија не ја гледаме само како документ. Таа е наша заедничка обврска и заедничка определба. Нејзината вредност ќе се мери не само со бројот на реализирани активности, туку и со промените што ќе ги создадеме во квалитетот на фудбалот, во развојот на играчите, во организацијата на клубовите, во конкурентноста на репрезентациите и во искуството на секој што е дел од македонскиот фудбал.

Успехот на теренот е она кон што сите се стремиме.
Сите ние имаме своја улога во реализацијата на оваа Стратегија во текот на нејзиниот период, но и потоа.
Наша обврска е да создадеме средина во која фудбалот ќе може да се развива, луѓето ќе имаат услови да напредуваат, а секоја следна генерација ќе има повеќе можности од претходната.

Пред нас е амбициозен период во кој мора да покажеме дека знаеме каде сакаме да стигнеме, но и дека сме подготвени да работиме за тоа.

На македонскиот фудбал му го должиме токму тоа. Време е фокусот да биде таму каде што отсекогаш требало да биде.

Време е за фудбал.
Фокус. Развој. Резултат.

ЛЕОНИД ЈАНДРЕОСКИ
Генерален секретар



ВРЕМЕ Е ЗА ФУДБАЛ

Секој процес на стратешко планирање претставува можност за пресврт и нов почеток. Со текот на времето, развојот на фудбалот станува сè посложен, при што нашата федерација презема сè поголема одговорност. Сепак, оваа стратегија ни овозможува повторно да го насочиме фокусот таму каде што треба: кон играчите, тренерите, клубовите, натпреварувањата и репрезентациите. **Сега е вистинско ВРЕМЕ ЗА ФУДБАЛ.**

Иако силните системи, регулативата и организациските процеси се од суштинско значење, тие во крајна линија се средства за обезбедување подобри искуства и подобри резултати. Со обезбедување квалитетни искуства за играчите, тренерите и клубовите, нивниот развој треба да се преточи во меѓународен успех. Сепак, свесни сме дека меѓународниот успех не е нашата единствена одговорност. Имаме обврска да обезбедиме можности што ќе придонесат за сестран развој на играчите и на луѓето вклучени во фудбалот. Со тоа, нашата земја ќе биде посреќна и поздрава.



Остварувањето на оваа цел не е без предизвици. Миграциите - во и надвор од земјата - имаат директно влијание врз стапките на учество, како и врз задржувањето на играчите во фудбалот. Економските притисоци им отежнуваат на семејствата да ги покријат трошоците за учество на нивните деца во нашиот спорт. Неповолните климатски услови во текот на продолжените летни периоди го нарушуваат одржувањето на натпреварите и предизвикуваат оштетување на инфраструктурата. Иако овие предизвици можеби се надвор од наша директна контрола, развојот на фудбалот во Македонија мора да биде флексибилен и да одговара на контекстот што постојано се менува.

Во текот на изработката на оваа стратегија се сретнавме со претставниците од целата македонска фудбалска заедница и ги слушнавме нивните приоритети, грижи и идеи. Нивните ставови го обликуваа овој документ, а се надеваме дека овој процес ќе придонесе за уште поголемо заедништво и идна соработка. Оваа Стратегија не претставува насока само за Федерацијата, туку заедничка патека за сите, кои се посветени на иднината на фудбалот. Сега е **ВРЕМЕ ЗА ФУДБАЛ.**

ЗНАЧЕЊЕТО НА НАШАТА СТРАТЕГИЈА:



МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА:

Во соработка со UEFA Grow, за изработка на оваа Стратегија беа спроведени следните фази на проектот:



ВРЕМЕ Е ЗА ФУДБАЛ

СТРАТЕГИЈА НА САМО ЕДНА СТРАНИЦА

МИСИЈА

Да обезбедиме можности за вклучување, уживање и натпреварување во најпопуларниот спорт во Македонија – фудбалот.

ВИЗИЈА

Да изградиме посветла иднина, да поттикнеме гордост и да обединуваме преку фудбалот.

ВРЕДНОСТИ

Интегритет, соработка, гордост.

ЧЕТИРИ ПРИОРИТЕТИ ЗА СЛЕДНИТЕ ЧЕТИРИ ГОДИНИ

РАЗВОЈНИ СТРАТЕГИИ И РАЗВОЈ НА ТАЛЕНТИ:

За континуиран напредок на македонскиот фудбал, мора да обезбедиме секоја нова генерација да биде подобра од претходната. Нашата цел е да го постигнеме тоа преку инвестирање во развојните стратегии и развојот на талентите. Овие инвестиции ќе бидат насочени кон развој на клубовите и нивните академии, како и кон едукација и унапредување на тренерите.



РАЗВОЈ НА ЛИГИТЕ:

Подигнувањето на стандардите во нашите највисоки лиги ќе биде еден од приоритетите во овој стратешки период. Во оваа област ќе го искористиме системот на лиценцирање на клубовите како механизам за поттикнување на развојот и зајакнување на целокупната фудбалска пирамида. Најталентираните млади играчи ќе ги охрабруваме да стекнуваат искуство во домашните лиги и да добиваат значајна минутажа, наместо да заминуваат во Академии во странство, кои можеби не им нудат доволно можности за игра. Задржувањето на овие таленти подолго во нашиот систем не само што ќе биде корисно за нивниот развој туку и ќе придонесе за подобрување на квалитетот на играта во нашите највисоки лиги.



СТРАТЕШКИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ИНФРАСТРУКТУРАТА:

Фудбалската инфраструктура останува еден од главните предизвици со кои мора да се справиме во следните четири години. Пристапноста и квалитетот на инфраструктурата се од суштинско значење за развојот на играчите и за конкурентноста на тимовите. Сега кога располагаме со повеќе податоци и сознанија за состојбата со фудбалската инфраструктура, можеме постратешки да соработуваме со партнерите при утврдувањето на приоритетите за инвестиции во одржување и развој, со цел вложувањата да имаат најголемо можно влијание.



СОРАБОТКА СО ВЛАДАТА И ОПШТИНИТЕ:

Во текот на овој стратешки период, имаме за цел да воспоставиме посилни врски со Владата и општините. Преку ефикасна меѓусебна соработка и обезбедување поголема поддршка за играчите, клубовите и националните тимови, ќе придонесеме за остварување на нашите заеднички приоритети, зајакнување на заедниците и поттикнување на националната гордост.



МАПИРАЊЕ НА ФУДБАЛСКИТЕ ТЕРЕНИ СО UEFA GROW

Проектот за мапирање на фудбалските терени, што го реализиравме со UEFA Grow, сега обезбедува јасна и релевантна основа на докази за утврдување на националните инвестициски приоритети, поставување цели и спроведување активности меѓу различни сектори.

672
Вкупно верифицирани терени

277
Фудбалски терени за игра 11 на 11

100%
Сите фудбалски терени се верифицирани

20
Цел за фудбалските терени во сите региони

6
Фудбалски терени 11 на 11 за изградба во Скопје

ПРИОРИТЕТНА ГЕОГРАФСКА ОБЛАСТ

Скопје е определено како приоритетна област за терени за игра 11 на 11. Во другите региони, приоритетите опфаќаат поширок опсег на активности за изградба и реконструкција на терени со различни формати.

РАСПРЕДЕЛБА НА ЦЕЛИТЕ ПО РЕГИОНИ:

- 6 терени да се изградат во Скопје
- 2 терени да се изградат во секој од преостанатите седум региони



РЕГИОНАЛНИ ЦЕЛИ

Приоритет	Регион	Цел	Луѓе по терен 11 на 11
П1	**Скопски**	6 нови /реконструирани фудбалски терени за игра 11 на 11	10,380
П2	**Полошки**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	10,933
П2	**Северозападен**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	5,843
П2	**Источен**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	7,075
П2	**Североисточен**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	6,132
П2	**Југоисточен**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	5,811
П2	**Пелагониски**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	4,667
П2	**Вардарски**	2 фудбалски терени (од кој било тип)	8,984

Партнери за реализација | Влада | Општини | Образовен сектор | Клубови | ФФМ | УЕФА / финансиери

СТОЛБ 1



Грасрут-фудбал

Да воспоставиме стабилни клупски структури во грасрут-фудбалот, со јасно дефинирани развојни стратегии за играчите, тренерите, судиите и клупските администратори.

СТОЛБ 2



Елитен фудбал

Да ги унапредиме перформансите во сите младински возрасни категории, со што ќе се зголемат потенцијалот и севкупниот квалитет на македонскиот фудбал.

СТОЛБ 3



Женски фудбал

Да обезбедиме можности и иновативни пристапи со кои на сите жени и девојчиња фудбалерки ќе им овозможиме да уживаат во фудбалот, да се развиваат и да се натпреваруваат.

СТОЛБ 4



Општествена и еколошка одржливост

Да го користиме фудбалот како платформа за одговорни активности, кои придонесуваат за одржлив развој и обезбедуваат еднакви можности за сите.

ВРЕМЕ ЗА ФУДБАЛ

СТРАТЕГИЈА НА САМО ЕДНА СТРАНИЦА

ЧЕТИРИ СТОЛБА И ТРИ КЛУЧНИ ПРЕДУСЛОВИ

ВРЕМЕ Е ЗА ФУДБАЛ – СТРАТЕГИЈА НА ФФМ 2027 – 2031

ВРЕМЕ Е ЗА ФУДБАЛ – СТРАТЕГИЈА НА ФФМ 2027 – 2031

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 1



Инфраструктура

Да ја развиваме и да ја одржуваме фудбалската инфраструктура преку стратешки планирани инвестиции засновани на податоци и релевантни сознанија, со кои ќе се обезбедат оптимални услови за сите сегменти на фудбалот во Македонија.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 2



Комерцијални активности и маркетинг

Да го доближиме фудбалот до навивачите преку иновативни и современи комерцијални и маркетинг-пристапи, со цел да се зголемат нивната вклученост и финансиските ресурси што повторно ќе се вложуваат во спортот.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 3



Организациски развој

Да го зајакнеме управувањето, да ги унапредиме човечките ресурси и оперативните процеси за да водиме со интегритет и да изградиме доверба кај клучните претставници и јавноста.



СТОЛБ 1
ГРАСРУТ-ФУДБАЛ



Грасрут-Фудбал

Цел на столбот: да воспоставиме стабилни клупски структури во грасрут-фудбалот, со јасно дефинирани развојни стратегии за играчите, тренерите, судиите и клупските администратори.

СТОЛБ 1
ГРАСРУТ-ФУДБАЛ

Грасрут-фудбалот е темелот на фудбалот во Македонија. Започнува со првото фудбалско искуство на детето и продолжува низ сите фази на младинско учество, сè до натпреварите во категорија У18 надвор од професионалните клубови. Ова е средина во која младите стекнуваат вештини што ќе им користат во текот на целиот живот, ја градат својата самодоверба и создаваат позитивни спомени, кои ја зајакнуваат нивната поврзаност со фудбалот. Посебен акцент ќе ставиме на задржувањето на играчите во фудбалот бидејќи денешните учесници утре може да станат тренери, судии или клупски администратори.

Поголемиот дел од административните активности во грасрут-фудбалот и понатаму се спроведуваат рачно што создава значителен товар за клубовите и Федерацијата. Воведувањето современи дигитални системи ќе го намали административниот товар, ќе ја зголеми ефикасноста и ќе им овозможи на администраторите поголем фокус на развојот, наместо на документацијата. Иако учеството во голема мера зависи од распределбата на населението - регионалните разлики во пристапот и расположливите ресурси мора да бидат земени предвид при развојот на грасрут-фудбалот низ целата земја.

Моментална состојба:

27.000
регистрирани играчи

779
клубови/академии

1.420
лиценцирани тренери

341 судија
(316 мажи, 25 жени);

-14 % – предвиден пад на бројот на населението на возраст од 5 до 35 години во следните 10 години.

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Регрутирање и привлекување играчи:	**Регрутирање и привлекување играчи:**
1. Да ги осовремениме форматите на фудбалските натпревари за да одговорат на променливите очекувања, потребите и животниот стил на младите. 2. Да го дигитализираме регистрирањето на играчите со цел да располагаме со попрецизни податоци за стапките на учество. 3. Да обезбедиме повеќе информации за можностите за вклучување во грасрут-фудбалот преку комуникациски платформи со што на родителите ќе им го олесниме регистрирањето на нивните деца.	1. Одржување на бројот регистрирани играчи со цел да се ублажи очекуваниот пад на бројот на населението. 2. Сите клубови, на годишно ниво, дигитално да ги регистрираат играчите. 3. На веб-страницата да биде поставена и редовно ажурирана страница за пребарување клубови.
Развојна патека на играчите:	**Развојна патека на играчите:**
1. Да го зајакнеме системот за развој на играчите за да обезбедиме поквалитетни искуства од играњето и да го намалиме бројот на откажани натпревари. 2. Да спроведеме истражувања што ќе ни помогнат подобро да ги разбереме клучните фактори - кои влијаат врз задржувањето на играчите - и начините за нивно надминување.	1. До 2027 година да се воведе нова структура на младински натпреварувања во регионалните лиги за категориите У18, У16, У14 и У13. 2. До 2031 година истражувањето за задржување на играчите да биде завршено.

Доживотна вклученост:	**Доживотна вклученост:**
1. Да ги охрабриме играчите што размислуваат да престанат да играат фудбал да преземат нови улоги во фудбалот како: тренери, судии или клупски администратори. Со тоа ќе се овозможи нивна долгорочна вклученост во спортот. 2. Да воспоставиме подостапни и унапредени програми за едукација на тренери на ниво на грасрут-фудбалот, со цел подобрување на искуството при играње.	1. А. До 2031 година, бројот на лиценцирани тренери да се зголеми од 1.420 на 2.150 преку воведување на 730 нови лиценци за тренери на УЕФА и специјализирани тренерски лиценци: 340 лиценци УЕФА Ц, 115 УЕФА Б, 125 УЕФА А, 40 УЕФА ПРО, 50 УЕФА Б за тренери на голмани, 40 УЕФА А за тренери на голмани и 20 лиценци УЕФА за фитнес-тренери. Б. До 2031 година, бројот на судии да се зголеми од 341 на 500. В. До 2031 година, бројот на клупски администратори да се зголеми двојно. 3. Секоја година да се организира работилница за едукација на тренери како можност за нивно континуирано усовршување во грасрут-фудбалот.
Поддршка за клубовите	**Поддршка за клубовите**
1. Да воспоставиме мрежа од регионални службеници за развој на клубовите, поврзани со Академијата на ФФМ, кои ќе им обезбедуваат поддршка на клубовите во сите аспекти на развојот и администрацијата грасрут фудбал до развој на таленти. 2. Да спроведеме категоризација на клубовите во основниот фудбал со цел да ги идентификуваме областите во кои е потребно унапредување. 3. Да ја испитаме можноста за воспоставување систем на наградување поврзан со категоризацијата на клубовите во грасрут фудбалот со цел да се унапредат стандардите за развој на младите низ целата земја.	1. До 2028 година, најмалку 50 % од клубовите да добиваат поддршка, ресурси и насоки од регионалните службеници за развој. 2. Сите клубови да бидат опфатени со процесот на категоризација на клубовите во основниот фудбал. 3. До 2029 година да биде завршена физибилити студијата за системот за наградување.



СТОЛБ 2
ЕЛИТЕН ФУДБАЛ



Елитен Фудбал

Цел на столбот: да ги унапредиме перформансите во сите младински возрасни категории со што ќе се зголемат потенцијалот и севкупниот квалитет на македонскиот фудбал.

СТОЛБ 2
ЕЛИТЕН ФУДБАЛ

Конкурентноста на Првата македонска фудбалска лига остана на високо ниво во последните години, но севкупниот квалитет на играта, во споредба со другите европски лиги, опадна. Како резултат на тоа, македонските клубови сега се наоѓаат подолу на ранг-листата на УЕФА Конференциската лига, поради што пласманот зависи повеќе од поволни околности, отколку од континуирани добри резултати.

Одржлив начин за подигнување на стандардите е инвестирањето во клупските академии, со што ќе се создаде систем за развој и пласирање на талентирани играчи кои ќе остваруваат одлични настапи на теренот, а со текот на времето ќе носат и поврат на инвестициите преку повисоки вредности од трансферите. Врз основа на податоците, нашите репрезентации постигнуваат резултати над очекувањата во однос на нивниот потенцијал. Сепак, овие податоци не ги преточуваат нашите амбиции за чест пласман на големите турнири. Преку неодамнешните реформи и континуираното унапредување на Академијата на ФФМ и развојот на таленти, се надеваме дека ќе создадеме висококвалитетни играчи кои ќе ги зајакнат нашите национални тимови, а истовремено ќе придонесат и за унапредување на домашните натпреварувања.

Моментална состојба:

Приближно 85 % – натпревари со разлика од најмногу 2 гола во Првата македонска фудбалска лига

Приближно 60 % – домашни играчи во Првата македонска фудбалска лига

69. место – ранг-листа на ФИФА за мажи

27,9 години – просечна возраст на машката репрезентација

Приближно 15 % – играчи во машката репрезентација кои настапуваат за домашни клубови

2 – играчи од машката репрезентација кои настапуваат во „големата петорка“ европски лиги

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Клубови и натпреварувања:	**Клубови и натпреварувања:**
1. Да обезбедиме можности за финансирање наменети за развој на младите категории во клубовите од прва и втора лига со цел одржливо да го подигнеме квалитетот на лигата, со потенцијал истовремено да се оствари позитивен нето-приход од трансферите на играчи. 2. Преку поддршка на клубовите во унапредување на стандардите и обезбедување повеќе квалитетна минутажа, да им покажеме на младите играчи дека постои одржлива алтернатива на заминувањето во странство во клучните фази од нивниот развој. 3. Да ги унапредиме знаењата и искуството на клубовите во организација на натпреварите преку обезбедување едукативни материјали, семинари и можности за практично учење преку следење на работата на стручните тимови на натпреварите на националните тимови со цел клубовите да бидат подготвени за европските натпреварувања и да се обезбедат конзистентни стандарди во домашните натпреварувања.	1. Да се подобри просечниот резултат на 10-те најдобро рангирани македонски клубови според моделот European Club Index на UEFA Grow. 2. А. Во секој прв тим во Првата македонска лига да има најмалку еден македонски играч на возраст до 21 година. Б. Во секој клуб од Втората македонска лига да има најмалку тројца македонски играчи на возраст до 21 година и еден македонски играч на возраст до 19 години. 3. Сите клубови од Првата македонска лига да учествуваат во едукативните можности за организација и спроведување на натпреварите.

Клубови и натпреварувања:	Клубови и натпреварувања:
4. Да ги заштитиме клубовите како деловни и општествени институции со цел да обезбедиме високо ниво на финансиски интегритет и интегритет во управувањето. 5. Да ги унапредиме стандардите во клубовите од втората и третата лига со цел да ја зајакнеме фудбалската пирамида со што клубовите ќе бидат подготвени за пласман во повисок ранг и ќе се унапредат развојните стратегии на играчите. 6. Да ги унапредиме футсал-натпреварувањата преку соработка, со цел да обезбедиме подобри искуства за футсал-играчите.	4. До 2031 година да се утврдат критериуми за спроведување анализа и проверка на потенцијалните купувачи при преземање клубови. 5. До сезоната 2027/2028 да се воведат критериуми за лицензирање на клубовите од Третата лига со кои ќе се подготват за пласман во повисок ранг. 6. Најмалку еднаш во натпреварувачката сезона да се одржува форум на футсал-клубовите за разгледување можности за унапредување.

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Развој на таленти:	**Развој на таленти:**
1. Да ја проширие Академијата на ФФМ со цел дополнително да ги развиваме талентираните млади играчи и да ги подготвиме за младинските и сениорските национални тимови, како и за професионален фудбал. 2. Да ги усогласиме националните тимови и професионалните клубови околу единствена филозофија на игра со цел играчите да се развиваат на усогласен и кохерентен начин, без спротивставени насоки од тренерите. 3. Да воспоставиме меѓународна скаутинг-мрежа и да изградиме култура на гордост и припадност која ќе ги мотивира играчите со двојно државјанство и играчите од македонската дијаспора да настапуваат за Македонија.	1. Бројот на играчи во Академијата на ФФМ да се зголеми од 44 на 66 преку воведување категорија У16 со што периодот на развој ќе се продолжи од две на три години, почнувајќи од сезоната 2027/2028. 2. А. Секоја година да се организира семинар за филозофија на играта за сите тренери во академиите на професионалните клубови. Б. Најмалку 5 % од клупските тренери да бидат вклучени во тренинг-камповите на младинските национални тимови како членови на стручниот штаб за поддршка. 3. Во нашата мрежа да има најмалку 2 домашни и 3 меѓународни скаути за идентификување и привлекување играчи со двојно државјанство и играчи од дијаспората.

Национални тимови:	Национални тимови:
1. Да обезбедиме нивото на подготовка на младинските национални тимови да биде на слично ниво со она на сениорскиот национален тим со цел да се воспостави култура на високи перформанси во сите возрасни категории. 2. Да организираме пријателски натпревари за младинските национални тимови против повисоко рангирани репрезентации со цел играчите да стекнат искуство во поконкурентни услови и да имаат посилни развојни искуства. 3.Да обезбедиме квалитет, менталитет и култура потребни за да бидеме високо конкурентни во сите квалификациски циклуси за светските и европските натпреварувања.	1. Пласман на младинските национални тимови на завршни турнири. 2. Младинските национални тимови да одиграат најмалку 10 натпревари годишно, при што најмалку 20 % од нив ќе бидат против репрезентации кои се сметаат за дел од најдобрите 50 во светот. 3. Подобрување на пласманот на ранг-листата на ФИФА од 69. на 60. место.

СТОЛБ 3
ЖЕНСКИ ФУДБАЛ



Женски Фудбал

Цел на столбот: да обезбедиме можности и иновативни пристапи со кои на сите жени и девојчиња фудбалерки ќе им овозможиме да уживаат во фудбалот, да се развиваат и да се натпреваруваат.

СТОЛБ 3
ЖЕНСКИ ФУДБАЛ

Женскиот фудбал низ Европа се наоѓа во период на забрзан развој . Иако женскиот фудбал во Македонија бележи охрабрувачки напредок во последните години, за жал, домашниот развој не го следи незапирливиот раст што се забележува во другите делови на континентот. Доколку продолжи сегашниот тренд, јазот помеѓу Македонија и остатокот од европскиот женски фудбал ќе продолжи да се зголемува, што го прави овој момент клучен за иднината на женскиот фудбал.

Женскиот фудбал е многу повеќе од продолжение на постојниот фудбал. Тој е уникатен производ со сопствен идентитет, култура и заедница, кој нуди значајна можност за вклучување нова публика, инспирирање млади девојчиња и проширување на досегот на фудбалот низ целата земја. За да го реализираме овој потенцијал, потребни се значајни и насочени инвестиции со кои ќе се поттикне учеството, ќе се зајакне системот за развој и ќе се зголеми интересот за женскиот фудбал.

Моментална состојба:

3,000 - регистрирани фудбалерки

10 – клубови во Првата женска фудбалска лига

8 – клубови во Втората женска фудбалска лига

136. место – ранг-листа на ФИФА за жени;

1 – фудбалерка од женскиот национален тим која настапува во една од „петте најсилни европски лиги“

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Учество:	**Учество:**
1. Да го зголемиме бројот на фудбалерки, со посебен фокус на младинските категории, преку надминување на културните бариери и создавање средина во која фудбалот за жени и девојчиња ќе стане прифатен и вообичаен дел од спортот. 2. Да се фокусираме на зајакнување на постојните женски фудбалски клубови и на зголемување на нивниот број, со поддршка во развојот на тимови во различни возрасни категории со што ќе се обезбедат стабилни системи за развој на играчите, подобар развој и поголемо задржување на фудбалерките во спортот. 3. Да го подобриме пристапот до спортските објекти за женските и девојчинските тимови со цел приоритетот при распределбата на термините за користење на теренте да биде поправеден.	1. А. До 2031 година бројот на регистрирани фудбалерки да се зголеми трипати. Б. Во согласност со програмата на ФИФА „Women's Football Campaign", во 2027 година да се организираат 5 фестивали годишно, со учество на најмалку 50 девојчиња на секој настан. 2. Секој клуб од Првата и Втората женска фудбалска лига да формира најмалку 1 нов тим. 3. До 2031 година да се разгледаат и воведат регулативи со кои ќе се уреди пристапот на жените и девојчињата до фудбалските терени.

Натпреварувања:	Натпреварувања:
1. Да ги зајакнеме и развиеме младинските натпреварувања со цел да се намали стапката на откажување од фудбалот и да се поддржи преминот од младински во сениорски категории во женскиот фудбал. 2. Да го зголемиме бројот на тимови во Втората женска лига преку покривање на дел од финансиските трошоци со цел да се зајакне сениорската пирамида на женскиот фудбал.	1. На годишно ниво да се зголемува минималниот број регистрирани играчи по категорија за 5 %. 2. Бројот на тимови во Втората женска лига да се зголеми од 8 на 10.

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Национални тимови:	**Национални тимови:**
1. Да обезбедиме повеќе можности за настап на младинските женски национални тимови со цел да се поддржи индивидуалниот развој на играчите и развојот на тимот. 2. Постепено да го изедначиме искуството што го имаат фудбалерките во националните тимови со она на фудбалерите, со цел условите и можностите да бидат што е можно послични. 3. Да остваримe успешни резултати со сениорскиот женски национален тим во Лигата на нации и во квалификациските циклуси.	1. Младинските женски национални тимови да одиграат најмалку 8 – 10 натпревари годишно. 2. Сениорскиот женски национален тим да ги користи истите услуги за поддршка на перформансите како и машкиот национален тим. 3. А. По завршување на квалификацискиот циклус за Светското првенство за жени на ФИФА 2027, да се обезбеди пласман од Лигата Ц во Лигата Б. Б. Пласманот на сениорскиот женски национален тим на ранг-листата на ФИФА да се подобри до пласман меѓу најдобрите 80 репрезентации.

Промоција и препознатливост:	Промоција и препознатливост:
1. Да ја зголемиме промоцијата на женскиот фудбал преку нашите дигитални канали и канали на социјалните медиуми со цел да ја зголемиме неговата видливост. 2. Да соработуваме со медиумите и радиодифузерите за да ја зголемиме информираноста и интересот за женскиот фудбал низ Македонија. 3. Да развиеме атрактивна понуда на комерцијални можности во согласност со постојниот бренд на Првата женска лига со цел да се привлечат инвестиции во развојот на лигата. 4. Да ги претставиме сегашните и идните репрезентативки како позитивни примери и спортски идоли во општеството, користејќи ги нивниот имиџ и животните приказни како инспирација за следната генерација фудбалерки.	1. А. На годишно ниво да се зголеми бројот на прегледи на вестите поврзани со женскиот фудбал за 20 %. 2. А. Да се зголеми бројот на натпревари од женскиот фудбал што се пренесуваат во живо, така што најмалку 50 % од натпреварите ќе бидат со директен пренос. Б. Секој месец да биде објавена најмалку една прилог-сторија во националните медиуми поврзана со женскиот фудбал. 3. До сезоната 2027/2028 да се обезбеди генерален спонзор на Првата женска фудбалска лига. 4. Да се реализираат најмалку 2 поткасти годишно со репрезентативки од националниот тим.



СТОЛБ 4
ОПШТЕСТВЕНА И ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ



Општествена и Еколошка одржливост

Цел на столбот: да го користиме фудбалот како платформа за одговорни активности, кои придонесуваат за одржлив развој и обезбедуваат еднакви можности за сите.

СТОЛБ 4
ОПШТЕСТВЕНА И ЕКОЛОШКА ОДРЖЛИВОСТ

Во текот на средбите со клучните чинители при изработката на оваа Стратегија, еден од нашите партнери сподели моќна порака која потсетува дека „фудбалот не може да го спаси светот, но може да го направи подобар.“ Препознавајќи го овој потенцијал, општествена и еколошка одржливост стана еден од клучните столбови на оваа Стратегија, со што се обезбедува влијанието и придонесот на фудбалот да се протегаат многу подалеку од теренот. Со неодамнешните инвестиции во транзицијата кон зелена енергија и спроведувањето кампањи за социјална инклузија, Федерацијата го позиционираше фудбалот како општествено најодговорниот спорт во земјата.

Горди на постигнатото, но свесни дека има уште многу што може да се направи, како клучни приоритети за наредниот период се издвојуваат здравјето и благосостојбата, фудбалот за сите способности и социјалната и еколошка одржливост. Нашата работа во областа на општествената одговорност не е само морална обврска, туку и неопходен услов за одржлив развој на спортот. Без здрави луѓе не може да се развива врвен талент, исто како што неповолните климатски услови и откажувањето на натпреварите не ни дозволуваат да уживаме во убавината на фудбалот. На крајот, се надеваме дека со овие активности ќе придонесеме Македонија да стане посреќна и поздрава земја.

Моментална состојба:

13,7 % – стапка на обезност кај децата (World Obesity)

72 % – граѓани на Македонија кои се загрижени за климатските промени (UNICEF)

Над 89 kW – капацитет на соларните панели во Тренинг-центарот на ФФМ

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Заштита на деца и млади:	**Заштита на деца и млади:**
1. Да ја зајакнеме заштитата на децата и младите вклучени во грасрут-фудбалот преку унапредување на регулативата и спроведување обуки со цел можностите за учество во фудбалот да бидат безбедни и исполнети со позитивни искуства.	1. А. Да се усвои нова Регулатива за заштита на децата и да се ревидира политиката на секои три години. Б. Да се воспостави официјален канал за пријавување на веб-страницата на ФФМ преку кој ќе може да се поднесуваат пријави онлајн. В. Да се формира Комисија за заштита на децата и младите. Г. Да се назначи службено лице за заштита на децата. Д. Сите тренери, лекари, физиотерапевти и клупски администратори да ја завршат онлајн обуката на УЕФА за заштита на децата.
Здравје и благосостојба:	**Здравје и благосостојба:**
2. Да го промовираме учеството во фудбалот како превентивен пристап кон унапредување на здравјето и благосостојбата, во согласност со приоритетите на Владата и релевантните соработници. 3. Да го користиме Прирачникот на УЕФА за „Walking Football“ и програмата на УЕФА „Take Care“ за популаризирање на фудбалот како физичка активност кај повозрасното население.	1. Да се изработи извештај за општествен повраток од инвестициите со кој ќе се пресметаат општествените придобивки и заштедите на трошоци поврзани со фудбалските активности. 2. Да се организира по еден настан годишно во рамките на „Walking Football“ и да се обезбедат услови за физичка активност на вработените во ФФМ.

Фудбал за сите:	**Фудбал за сите:**
1. Да обезбедиме можности за играње фудбал за деца со физичка попреченост и тешкотии во учењето. 2. Да обезбедиме континуирана едукација и подигнување на свеста кај клубовите и другите клучни соработници за концептот „Фудбал за сите“, како и да го користиме прирачникот на УЕФА, „Outraged“. 3. Да ја направиме атмосферата на натпреварите на националните тимови поинклузивна со цел да се зголеми бројот на навивачи со попреченост кои присуствуваат на натпреварите на сениорскиот национален тим.	1. На годишно ниво. бројот на деца со физичка и интелектуална попреченост кои учествуваат во тренинзите да се зголеми за 10 %. 2. Секоја година да се организира семинар за размена на знаења и искуства за пристапност во клубовите помеѓу службените лица, како и да се организираат кампањи со користење на материјалите од „Outraged“. 3. На годишно ниво бројот на лицата со попреченост кои присуствуваат на натпреварите на националните тимови да се зголеми за 10 %.
Еколошка одржливост:	**Еколошка одржливост:**
1. Да создадеме еколошка култура помеѓу вработените во ФФМ и да ја подигнеме свеста кај сите клучни соработници за еколошката одржливост со цел да се намали влијанието на фудбалот врз животната средина. 2. Секогаш кога е можно да интегрираме решенија за користење соларна енергија во инвестициите во инфраструктурата со цел да се намалат оперативните трошоци и да се задржи позицијата на ФФМ како спортска федерација со највисоко ниво на еколошка одговорност во земјата. 3. Да ги применуваме принципите на циркуларна економија: намалување, повторна употреба, рециклирање и повторно искористување во управувањето со отпадот во рамките на сите активности на Федерацијата.	1. 70 % од вработените и 50 % од клубовите да користат едукативни материјали и ресурси за еколошка одржливост. 2. Секоја година да се објавува извештај за количината на електрична енергија произведена од соларните панели. 3. Секоја година да се објавува извештај за количината на селектиран отпад – хартија и пластика.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 1

ИНФРАСТРУКТУРА



Инфраструктура

Цел: да ја развиваме и одржуваме фудбалската инфраструктура преку стратешки планирани инвестиции засновани на податоци и релевантни сознанија со кои ќе се обезбедат оптимални услови за сите сегменти на фудбалот во Македонија.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 1

ИНФРАСТРУКТУРА

При изработката на оваа Стратегија, во соработка со UEFA Grow, спроведовме детално мапирање на фудбалските терени. Во рамките на оваа активност беа потврдени 277 терени со димензии за игра 11на11 низ целата земја. Интересно е што поголемиот дел од овие терени се наоѓаат надвор од Скопје, што значи дека пристапот до фудбал во руралните средини понекогаш е полесен отколку во главниот град. За да обезбедиме рамномерен развој, потребно е да ја зајакнеме соработката со Владата и општините при утврдување на приоритетните подрачја за инвестиции во фудбалската инфраструктура.

Квалитетот на постојните терени често е незадоволителен, а нивното одржување од страна на општините е недоволно. Како резултат на несоодветното одржување, постои недостиг од соодветна инфраструктура за фудбал. Во одредени случаи, терените може повторно да се стават во функција преку подобро одржување, додека во други случаи ќе биде потребна изградба на нови објекти. Покрај локалните терени, постои и стратешка можност за разгледување на изградба на национален фудбалски стадион. Во моментов, натпреварите на националните тимови се играат на националниот стадион, кој е со значително поголем капацитет од бројот на гледачи што вообичаено го привлекуваме. Фудбалски стадион наменски проектиран и изграден за потребите на фудбалот, со можност за воспоставување јавно-приватно партнерство, би можел да придонесе за подобра атмосфера за навивачите на натпреварите, а истовремено и за создавање дополнителни финансиски ресурси преку нови извори на приходи.

Моментална состојба:

277 – фудбалски терени со димензии за единаесет на единаесет

653 – фудбалски објекти

63 % – население што живее во урбани средини

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Одржување на теренитe:	**Одржување на теренитe:**
1. Да ја унапредиме алатката на Федерацијата за мапирање на фудбалските терени со вклучување податоци за нивниот квалитет и степенот на искористеност со цел подобро да ја разбереме достапноста на теренитe и потребите за нивно одржување. 2. Да ја испитаме изводливоста и деловната оправданост за воспоставување регионална служба за одржување на теренитe, финансирана во партнерство со клучните чинители, со цел подобрување на нивниот квалитет.	1. До 2028 година, алатката за мапирање на фудбалските терени да интегрира податоци за квалитетот на теренитe, а до 2031 година и податоци за нивниот степен на искористеност. 2. До 2031 година, најмалку 10 % од фудбалските терени да ги исполнуваат утврдените стандарди за одржување.

Развој на објектите	Развој на објектите:
1. Да ги усогласиме податоците за локациите на клубовите и учеството во фудбалот со мапирањето на инфраструктурата со цел да ги идентификуваме инвестициите со најголемо влијание за изградба на нови терени и дополнително зголемување на учеството. 2. Да спроведеме проценка на тренинг-инфраструктурата на сите професионални клубови (на пр. квалитет на теренитe, рефлектори, соблекувални), со цел да ги идентификуваме приоритетните проекти за унапредување на функционирањето и развојот на клубовите. 3. Да ги разгледаме можностите за остварување приходи (на пр. угостителски услуги, канцелариски простории и простории за настава) во рамките на поголемите инфраструктурни проекти со цел да се обезбеди одржливо финансиско управување. 4. Потребите за инклузивност да бидат составен дел од сите нови проекти за развој на инфраструктурата.	1. Секоја година да се утврдува и да се рангира листа на приоритетни локации за развој на инфраструктурата, согласно извештајот од мапирањето на теренитe, и да им се доставува на општините. 2. Секоја година да се идентификуваат приоритетни проекти за развој на инфраструктурата за сите професионални клубови. 3. Приходите остварени од фудбалските објекти да бидат препознаени како посебна категорија приходи во финансиските извештаи. 4. Да се изработат и да се интегрираат насоки за инклузивност при развојот и користењето на фудбалските објекти.
Национален фудбалски стадион:	**Национален фудбалски стадион:**
1. Да ја испитаме изводливоста за изградба на национален фудбалски стадион со воспоставување јавно-приватно партнерство за обезбедување на потребното финансирање.	1. Да се обезбеди финансирање за изградба на нов национален фудбалски стадион.



КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 2

КОМЕРЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ И МАРКЕТИНГ



Комерцијални Активности и Маркетинг

Цел: да го доближиме фудбалот до навивачите преку иновативни и современи комерцијални и маркетинг-пристапи со цел да се зголемат нивната вклученост и финансиските ресурси што повторно ќе се вложуваат во спортот.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 2

КОМЕРЦИЈАЛНИ АКТИВНОСТИ И МАРКЕТИНГ

Фудбалската федерација во моментов е најследената спортска организација во земјата на социјалните медиуми. Силниот интерес и поврзаност со навивачите произлегуваат од создавањето квалитетна и ексклузивна содржина која ги доближува до играчите и им овозможува поглед зад фудбалската сцена. И покрај тоа што во последниот период не обезбедивме пласман на големи меѓународни турнири, комерцијалниот интерес продолжува да расте. За целосно искористување на потенцијалот на партнерствата и поврзување со брендови, потребно е спонзорските договори да се обезбедуваат и продолжуваат како повеќегодишни обврски.

Сè поголем број од овие партнерства се засноваат на конкретни општествени цели што од нашата организација бара да понуди комерцијални можности што ги надминуваат активностите поврзани само со националните тимови. Јавното финансирање претставува уште еден извор на приходи на кој треба да му се даде приоритет во овој стратешки период. Споредбата на финансиските показатели со сродни национални фудбалски федерации покажува дека јавните инвестиции во фудбалот се зголемуваат низ Европа, додека ние значително заостануваме во оваа област. Поголемото учество на јавниот сектор во финансирањето претставува значајна можност за продлабочување на соработката со Владата околу заедничките приоритети како што се: развојот на младите, општествената одговорност и инфраструктурата.

Моментална состојба:

140,000+
Facebook Followers

90,000+
Instagram Followers

13 – Commercial Partnerships

ЦЕЛ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Маркетинг и комуникации:	**Комуникации:**
1. Да поттикнеме поголем интерес и поддршка преку зголемување на препознатливоста на личните брендови на фудбалерите и фудбалерките од националните тимови и преку соработка со инфлуенсери. 2. Да ја промовираме и да ја зголемиме информираноста за мобилната апликација преку која навивачите ќе имаат пристап до фудбалски содржини, статистики од натпреварите и производи од фан-шопот, а партнерите ќе можат директно да се поврзат со навивачите. 3. Да обезбедиме информации и да комуницираме со навивачите на начини што се усогласени со нивните дигитални навики и начинот на кој ги користат дигиталните платформи.	1. Фудбалот и понатаму да биде најпопуларниот спорт во земјата според бројот на следбеници на социјалните медиуми. 2. Бројот на корисници на мобилната апликација да се зголеми за 30 %. 3. Веб-страницата на ФФМ да се унапреди за да биде подобро приспособена за користење и видливост во услови на развој на вештачката интелигенција.
Лојалност на навивачите:	**Посетеност и гледаност:**
1. Да ја зајакнеме лојалноста на навивачите преку иновативни кампањи и искуства со цел да се зголемат посетеноста на натпреварите и гледаноста, што на крајот ќе придонесе во зголемувањето на комерцијалната вредност за клубовите и телевизиските и медиумските куќи.	1. А. Посетеноста на натпреварите да се зголеми за 25 %. Б. Да се обезбеди договор за телевизиските права за Првата македонска фудбалска лига, Женската фудбалска лига и националните тимови, со зголемување на гледаноста за 30 %.

Јавни политики и односи:	**Јавни политики и односи:**
1. Да ги зајакнеме капацитетите на Федерацијата во областа на јавните политики и маркетингот со цел дополнително да го зголемиме интересот и вклученоста на навивачите и партнерите. 2. Да соработуваме со Владата за унапредување на законската рамка поврзана со спортот, вклучително и даночни олеснувања за спонзорства и издвојувања од приходите од обложување со цел да се поттикнат поголеми инвестиции во фудбалот.	1. До 2031 година да се обезбеди годишно јавно финансирање во износ од најмалку 10 % од буџетот на ФФМ. 2. Да се ревидираат и да се усвојат законите поврзани со спортот.
Комерцијален развој:	**Комерцијален развој:**
1. Да го зголемиме бројот на достапни комерцијални можности и да воведеме креативни активации за време на натпреварите со цел да понудиме повеќе можности што се усогласени со приоритетите на партнерите. 2. Да ги задржиме постојните партнери и да обезбедиме повеќегодишни спонзорства со цел да ја зајакнеме поврзаноста помеѓу брендот на ФФМ и брендовите на партнерите. 3. Да воведеме привремени продажни места за навивачки производи на натпреварите со цел навивачите да имаат полесен пристап до производите со кои ги поддржуваат националните тимови.	1. А. Приходите остварени од корпоративни партнерства да се зголемат за 30 %. Б. Да се воспостави рамнотежа помеѓу партнерствата со домашни и меѓународни брендови. 2. Просечното времетраење на партнерствата да биде во согласност со просекот на УЕФА. 3. Да се ревидираат и да се унапредат онлајн и офлајн продажните канали за навивачки производи со цел да се создаде профитабилен бизнис и вреден ресурс за нашите корисници.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 3

ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ



Организациски Развој

Цел на клучниот предуслов: да го зајакнеме управувањето, да ги унапредиме човечките ресурси и да ја зголемиме ефикасноста на работењето со цел да водиме со интегритет и да изградиме доверба кај клучните соработници и јавноста.

КЛУЧЕН ПРЕДУСЛОВ 3

ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Зајакнувањето на структурите и политиките за управување ќе овозможи донесувањето одлуки да биде потранспарентно и поодговорно. Кога беа прашани кои зборови им паѓаат на ум кога размислуваат за Федерацијата, клучните соработници ги истакнаа зборовите: лидерство, институција, достоинство и одговорност. Иако можеби не се согласуваат сите со овие перцепции, наша амбиција е да изградиме доверба и да обезбедиме овие позитивни асоцијации да станат длабоко вкоренети. За да го постигнеме тоа, нашите постапки мора да зборуваат погласно од зборовите. За фудбалот да напредува, како Федерација мораме постојано да го унапредуваме нашето управување, човечките ресурси, оперативните процеси и вклученоста на клучните соработници.

Поттикнувањето поголема застапеност на жените во процесите на донесување одлуки ќе придонесе и кон пошироки и поразновидни перспективи за сестраниот развој на фудбалот. Нашите вработени неуморно работат на унапредување на фудбалот, но мораме континуирано да ги развиваме нивните знаења и вештини и да ги зајакнуваме капацитетите на Федерацијата. Прифаќањето и примената на новите технологии ќе бидат од суштинско значење за зголемување на ефикасноста на работењето во сè посложениот спортски екосистем. Конечно, вклученоста на клучните чинители ќе биде од суштинско значење бидејќи сме свесни дека со самостојно дејствување нема да ги постигнеме резултатите што сите ги посакуваме. Мора да водиме со јасна цел и насока и истовремено да ги слушаме клучните соработници и заедно со нив да одговориме на предизвиците.

Моментална состојба:

71 – вработен со полно работно време

32 % – жени меѓу вработените

13 години – просечен стаж на вработените

ЦЕЛИ	ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УСПЕХ
Управување:	**Управување:**
1. Да ги унапредиме организациските политики (на пр. заштита на децата, патни трошоци, заштита на личните податоци) и редовно да спроведуваме интерни ревизии со цел да ја зајакнеме етичката култура и да обезбедиме транспарентно управување. 2. Да ги разгледаме и спроведеме релевантните измени на Статутот на Федерацијата со цел да го модернизираме системот на управување.	1. До 2031 година да бидат ревидирани, унапредени и применети сите приоритетни организациски политики. 2. Да се постигнат највисоки оценки според Рамката на УЕФА за добро управување.
Човечки ресурси:	**Човечки ресурси:**
1. Да ја процениме организациската структура со цел да обезбедиме доволно капацитети за реализација на развојните приоритети и обезбедување соодветна локална поддршка низ целата земја. 2. Да ги усогласиме процесите за вработување и оценување на работниот квалитет на вработените со стратешките цели. 3. Да ги унапредиме можностите за жените во Федерацијата и во управните структури со цел да се постигне порамноправна родова застапеност.	1. А. До 2027 година да биде завршена проценката на организациската структура. Б. До 2027 година да се изврши преглед и споредба на условите за работа на вработените со оние во сродни организации. 2. А. Сите вработени да имаат опис на работното место во кој се утврдени нивните одговорности и стратешките цели кон кои придонесува нивната работа. Б. При оценувањето на работниот квалитет на вработените да се земаат предвид показателите за успех утврдени во Стратегијата. 3. До 2031 година да се зголеми застапеноста на жените во управните тела и комисиите за 20%.

Оперативно работење:	**Оперативно работење:**
1. Да ги процениме функциите и процесите во организацијата со цел да изработиме планови за ублажување на ризиците. 2. Каде што е можно, да воведеме вештачка интелигенција и други нови дигитални технологии во административните процеси со цел да го направиме работењето поефикасно и посовремено.	1. До 2027 година да бидат воспоставени формални планови за ублажување на потенцијалните внатрешни и надворешни ризици. 2. До 2027 година да се изработи прирачник за примена на вештачката интелигенција наменет за вработените.
Вклученост на клучните соработници:	**Вклученост на клучните соработници:**
1. Да ја зближиме фудбалската заедница преку редовни средби за споделување искуства и идеи и за изнаоѓање решенија за заедничките предизвици. 2. Да соработуваме со другите спортови во застапувањето за критериумите за ваучерите на Министерството за спорт да бидат балансирани помеѓу спортските резултати, учеството, развојот на младите и општественото влијание.	1. Вклученоста на клучните чинители да се формализира преку редовни средби, и тоа: со клубовите најмалку еднаш во три месеци; со играчите, тренерите и судиите еднаш годишно; со навивачите еднаш годишно; со министерствата на Владата најмалку еднаш во три месеци; со општините најмалку еднаш во три месеци и со корпоративните партнери најмалку еднаш во три месеци. 2. Активно да учествуваме во развојот на критериумите на Министерството за спорт за финансирање на клубовите.

ЗАЕДНО ЗА ФУДБАЛОТ

Краток преглед на нашите заложби кон клучните соработници, како и на очекувањата за начинот на кој ќе соработуваме:

КЛУБОВИ

Ќе ги поддржуваме клубовите преку дигитализирани административни системи и развојни проекти насочени кон унапредување на тренерскиот кадар, заштита на децата и младите, системи за развој на младите играчи и конкурентност на лигите. За возврат очекуваме клубовите активно и посветено да се вклучат и да даваат конструктивни повратни информации.

ИГРАЧИ, ТРЕНЕРИ И СУДИИ

Ќе обезбедуваме исполнувачки и развојно ориентирани искуства за играчите, тренерите и судиите, кои ќе придонесуваат за нивниот напредок. Очекуваме тие да ги искористат можностите што им ги нудиме и да придонесат фудбалот да го подигнеме на ново ниво.

НАВИВАЧИ

Ќе градиме поврзаност со навивачите преку незаборавни натпреварувачки денови, атрактивна дигитална содржина и транспарентна комуникација. Од навивачите очекуваме да придонесуваат за позитивна атмосфера на натпреварите која ќе им дава дополнителна енергија на играчите, тренерите и судиите на теренот.

МЕДИУМСКИ ПАРТНЕРИ

Ќе ги поддржуваме медиумските партнери преку навремени информации, професионален пристап и отворена комуникација, со што ќе придонесеме за зајакнување на позитивниот имиџ на фудбалот во јавноста. Нашата амбиција е медиумите одговорно да известуваат, објективно да го промовираат фудбалот и да ги истакнуваат позитивните приказни од македонскиот фудбал.



МИНИСТЕРСТВА НА ВЛАДАТА

Ќе доставуваме предлози засновани на релевантни податоци и транспарентни извештаи за јавните средства наменети за фудбалот, кои се вложуваат во справување со спортски, општествени и еколошки предизвици. Преку соработката, Владата ќе ја препознае и ќе ја поддржи уникатната улога на фудбалот во поттикнување на националниот развој.

ОПШТИНИ

Ќе ги доближиме општините до фудбалските клубови, истовремено споделувајќи податоци и информации за областите во кои треба да се даде приоритет на инвестициите. Како партнери, општините можат да ги позиционираат фудбалските клубови како институции во заедницата што ги обединуваат луѓето.

КОРПОРАТИВНИ ПАРТНЕРИ

На корпоративните партнери ќе им понудиме јасна комерцијална вредност, можности за активации поврзани со конкретни цели и пристап до разновидни можности во рамките на целиот фудбалски екосистем. За возврат очекуваме партнерите да изберат повеќегодишна соработка и со своите инвестиции, експертиза и иновации значајно да придонесат за развојот на фудбалот.

Сега е **ВИСТИНСКОТО ВРЕМЕ ЗА ФУДБАЛ.** Заедно ќе изградиме посветла иднина, ќе поттикнеме гордост и ќе ја обединиме Македонија преку фудбалот.



www.ffm.mk

+389 2 3204470